Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Деведесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 август 2021 година

Скопје, август 2021 година

# З А П И С Н И К
## од Деведесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 август 2021 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 08:40 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците

На седницата учествуваа, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Мила Царовска, министер за образование и наука, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваа и Снежана Наџаковска и Ирена Арнаудовска-Малинова од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, Зоран Маневски, заменик на министерот за економија и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања и Митко Трајчуловски, државен секретар во Министерството за транспорт и врски.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р

Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство и д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Записник од Петнаесеттата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 4 август 2021 година, со Записник од Седмата седница на Групата за процена, одржана на 4.8.2021 година и со Предлог-одлука за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија

2. Информација за изградба на пливачки базен во Општина Струмица, Општина Кавадарци, Општина Карпош и Општина Чаир, од проектот „Изградба на 14 пливачки базени"

3. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука (КП број 2187 КО Радишани)

4. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука (КП 13231 КО Тетово 3)

5. Предлог-програма за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите за 2021 година

6. Информација во врска со статусот на работата на Работната група за решавање на прашањата поврзани со долгот на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје кон Хрватски железници Карго и за потребата од негово решавање

7. Информација за состојбата со хидросистемот „Дојранско Езеро", капиталните и оперативни трошоци за санација и работење, како и потребата за промена на институционалниот статус на хидросистемот со Предлог-одлука за основање на Јавно претпријатие за стопанисување со хидросистемот „Ѓавато", Богданци

8. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – фелдспат на Акционерско друштво за неметали Огражден АД Струмица на локалитетот „Дрвош“, Општина Босилово

9. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за земјоделство, сточарство, производство, трговија, транспорт и услуги Агрогорис ДООЕЛ увоз-извоз Кочани, на локалитетот „Ајдучко Поле 1“, Општина Виница

10. Кадровски прашања

11. Прашања и предлози

12. Предлог-уредба за утврдување на буџетските корисници од централната власт, поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници на централната власт

13. Информација за можноста за доделување на договор за набавка со Владата на Чешката Република за ремонт на хеликоптери за исполнување на условите согласно член 4 и член 5 од Уредбата за начинот на доделување на договори за набавки на Владата на Република Северна Македонија со влади на странски држави

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата го разгледа Записникот од Петнаесеттата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 4 август 2021 година, со Записник од Седмата седница на Групата за процена, одржана на 4 август 2021 година и со Предлог-одлука за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија и притоа заклучи:

1. Го усвои Записникот од Петнаесеттата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 4 август 2021 година.

2. Ја донесе Одлуката за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

3. Периодот за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија е најмногу до 30 дена, почнувајќи од 5 август 2021 година.

4. Да се извести Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија за донесената Одлука за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, согласно член 31 од Законот за управување со кризи.

5. За операционализација на Одлуката за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, Владата заклучи да му предложи на Претседателот на Република Северна Македонија да одлучи за учество на дел од припадниците на Армијата на Република Северна Македонија (вид и број на сили и капацитети на армиските единици, намена и задачи за кои се бараат и времетраењето на активноста и ангажираноста на армиските единици), во справувањето со кризната состојба.

6. Главниот штаб при Центарот за управување со кризи веднаш да започне со подготовка на акциски план за превенција и справување со пожарите, како и целосен преглед на расположливи човечки и материјално – технички ресурси и план за координирано дејствување.

7. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Армијата на Република Северна Македонија, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување и Министерството за здравство, со сите останати засегнати државни институции, како и се препорачува на единиците на локалните самоуправи во Република Северна Македонија да ги ставаат на располагање сите расположливи капацитети и ресурси кои може да се стават во функција на справување со кризната состојба.

8. Се задолжува Главниот штаб при Центарот за управување со кризи да определи лице кое на дневна основа ќе ја информира јавноста за состојбата со зголемената појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за изградба на пливачки базен во Општина Струмица, Општина Кавадарци, Општина Карпош и Општина Чаир, од проектот „Изградба на 14 пливачки базени“, ја усвои Информацијата и заклучи:

1. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да спроведе постапка за јавна набавка за избор на изведувач за изведба на четири пливачки базени од проектот „Изградба на 14 пливачки базени“, во Општина Струмица, Општина Кавадарци, Општина Карпош и Општина Чаир.

2. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт за реализација на изведба на четири пливачки базени од проектот „Изградба на 14 пливачки базени“, во Општина Струмица, Општина Кавадарци, Општина Карпош и Општина Чаир, да ги обезбеди потребните средства во висина од 170.000.000,00 денари, со следниов начин и динамика на плаќање:

- 5.000.000,00 денари во 2021 година;
- 65.000.000,00 денари во 2022 година;
- 100.000.000,00 денари во 2023 година.

3. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**<u>Точка 3</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање запишан во Имотен лист 5626, КП 2187 КО Радишани со најнов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на одземен недвижен имот, во предложениот текст.

**<u>Точка 4</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање (КП 13231 КО Тетово 3) со Предлог-одлука (КП 13231 КО Тетово 3), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за продажба на одземен недвижен имот, во предложениот текст.

**<u>Точка 5</u>**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите за 2021 година, во предложениот текст.

**<u>Точка 6</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на работата на Работната група за решавање на прашањата поврзани со долгот на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје кон Хрватски железници Карго и за потребата од негово решавање, ја усвои Информацијата и притоа заклучи:

- Се задолжува Генаралниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да ангажира правна куќа со

меѓународно искуство при решавање на правни спорови, со цел утврдување на фактичката состојба (основаност и вистинитост на побарувањето), начин на утврдување на висината на каматата, постоење на околности под кои побарувањето би било застарено, утврдување на меродавно право за решавање на спорот, надлежно тело за решавање на спорот и воедно ќе предложи и можни решенија за решавање на прашањата поврзани со долгот.

**Точка 7**

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневен ред Информацијата за состојбата со хидросистемот „Дојранско Езеро“, капиталните и оперативни трошоци за санација и работење, како и потребата за промена на институционалниот статус на хидросистемот со Предлог-одлука за основање на Јавно претпријатие за стопанисување со хидросистемот „Ѓавато“, Богданци.

**Точка 8**

Владата условно ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – фелдспат на Акционерското друштво за неметали Огражден АД Струмица на локалитетот „Дрвош“, Општина Босилово поради потребата предлагачот од Управата за јавни приходи да обезбеди Уверение за платени давачки спрема државата од страна на Акционерското друштво за неметали Огражден АД Струмица на локалитетот „Дрвош“, Општина Босилово.

**Точка 9**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за земјоделство, сточарство, производство, трговија, транспорт и услуги Агрогорис ДООЕЛ увоз-извоз Кочани, на локалитетот „Ајдучко Поле 1“, Општина Виница, поради потребата предлагачот да обезбеди нови мислења од надлежните институции, како и да се преоцени и можноста од вршење на нов увид.

**Точка 10**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 11**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Предлог-уредбата за утврдување на буџетските корисници од централната власт, поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници на централната власт и ја донесе Уредбата со следниве заклучоци:

1. Во членот 3 од Уредбата да се додаде и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

2. Остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници на централната власт да биде најмногу до 30% од вкупниот број на вработени во буџетските корисници.

3. Ставот 3 од членот 8-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, соодветно да се инкорпорира во членот 4 од текстот на Уредбата.

**<u>Точка 13</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за можноста за доделување на договор за набавка со Владата на Чешката Република за ремонт на хеликоптери за исполнување на условите согласно член 4 и член 5 од Уредбата за начинот на доделување на договори за набавки на Владата на Република Северна Македонија со влади на странски држави и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- Владата утврди дека членот 4 и членот 5 од Уредбата за начинот на доделување на договори за набавки на Владата на Република Северна Македонија со влади на странски држави се исполнети и дека може да продолжи со постапката согласно член 6 од Уредбата, односно испраќање на писмо со барање.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 09:45 часот.

| ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **Tahir Hani** | **dr. Artan Grubi** |